ФЗОСМ
FSSHMV

Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15818/2
02-11-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ / SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје

**Октомври 2022**

Фонд за здравствено осигурување ... ја
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 08-15818/2 [2022]

**И З В Е Ш Т А Ј**
**Од извршена вонредна финансиска контрола во**
**ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје**

Вонредната финансиска контрола е извршена по добиен писмен налог број 08-15818/1 со дата 26.10.2022 година, од директорот на Сектор за финансиски прашања, со работна задача - контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје за период од јануари до септември 2022 година.
Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од овластените финансиски контролори Горан Симоновски и Сатки Деари.

Контролата е започната на 26.10.2022 година, во просториите на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје.

**<u>Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:</u>**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински директор | Проф. д-р. Ирина Пановска - Ставридис | Директор | 14.10.2019 год. Реш.бр.11-6731/4 |
| Организациски директор | Флутим Кадриу | Директор | 28.02.2022 год. Реш.бр. 11-1231/3 |

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:
Име и презиме: Петар Митев
Функција: соработник за материјално и финансиско работење
Телефон за контакт: 071 235 118

На контролата на увид се дадени менаџерски договори на:

- медицинскиот директор, заведен во Министерство за здравство под број 17-1709/1 со дата 12.02.2020 година, заведен во ЈЗУ под број 09-249/1 со дата 14.02.2020 година и
- организацискиот директор, заведен во Министерство за здравство под број 17-3113/1 со дата 21.04.2022 година, заведен во ЈЗУ под број 09-470/1 со дата 25.05.2022 година.

Платите во ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје се пресметуваат по Поединечен колективен договор (ПКД), дел за плата други права по основа на плата и надоместоци на плата. По овластување од Министерство за здравство, заведено во министерството под архивски број 17-110/1 со дата 02.01.2020 година, ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија – Скопје и Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други ЈЗУ потпишале Анекс за изменување и дополнување на ПКД заведен под број 09-22/1 со дата 02.01.2020 година, како и Анекс за изменување и дополнивање на ПКД заведен под број 09-22/2 со дата 12.02.2020 година по овластување од Министерство за здравство, заведено во министерството под архивски број 17-1665/1 со дата 12.02.2020 година.

Во здравствената установа, во контролираниот период, организирана е работа со дежурство но на контролата не и беше дадена на увид, односно ЈЗУ нема согласност од Министерство за здравство за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.

Во контролираните пресметки не е констатирано зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. Одобрение, односно согласност од Министерството за труд и социјална политика за зголемување на основната

плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место на контролата не и беше дадена на увид, односно нема. Заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место на контролата и е даден на увид документ Согласност од Републички комитет за труд, здравство и социјална политика број 08-400 од 15.03.1991 година, со која на ООЗТ Клиники, РЕ Клиника за хематологија и се дава согласност за воведување на работното време.

Евиденција за присуство на работа на медицинскиот и организацискиот директор не се води.

Во контролираните пресметки не е костатирано пресметувае додатоци за дежурство.

**Медицински директор - Решение за плата број 0403/2-4 со дата 14.02.2020 година**

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 147 | 140 | 161 | 147 | 154 | 154 | 147 | 161 | 154 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 12,5%/25 г | 12,5%/25 г | 12,5%/25 г | 12,5%/25 г | 13%/26г | 13%/26г | 13%/26г | 13%/26г | 13%/26г |
| додаток по основ на раководење: | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| прекувремена работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| вкупен бр. исплатени часови прекувремено | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за ноќна работа (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во три смени (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за обично дежурство ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток дежурство во викенд и празник | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови дежурство во викенд и празник | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток без остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови за остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Организациски директор - Решение за плата број 09-217/5 со дата 09.03.2021 година**

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| коефициент на сложеност: | 7,703 | 7,703 | 7,703 | 7,703 | 7,703 | 7,703 | 7,703 | 7,703 | 7,703 |
| минат труд (%): | 6%/12 г | 6%/12 г | 6,5%/13 г | 6,5%/13 г | 6,5%/13 г | 6,5%/13 г | 6,5%/13 г | 6,5%/13 г | 6,5%/13 г |
| додаток по основ на раководење: | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| прекувремена работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за ноќна работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во три смени ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за обично дежурство ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток дежурство во викенд и празник ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток без остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за остварен повик и ангажирање : | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Коефициентот на сложеност наведен во контролираните пресметки на плата на организацискиот директор не е во согласност со колективниот договор. Во контролираните пресметки на плата за организацискиот директор, истата се пресметува по коефициент 7,703. Во поединечниот колективен договор е наведено “На организациските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент од:
..........................................................................................................................................
- клинички болници, универзитетски институти и универзитетски клиники ..................... 6,379”

Платата во контролираниот период се пресметува, односно вредноста на бодот е согласно Спогодбата за утврдување најниска плата во здравствената дејност (14.090,00 денари).

Основната плата во контролираните пресметки се пресметува правилно (коефициент на сложеност x 14.090,00 денари).

За секоја година работен стаж се пресметува 0,5% додаток на основната плата, согласно колективниот договор.

Во контролираните пресметки не е констатирано зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место.

Во контролираните пресметки не се констатирани пресметки за исплата на часови поминати на дежурство.

На контролата и се дадени на увид “Одлуки за користење годишен одмор” број:

- 09-558/1 со дата 17.06.2022 година, на медицинскиот директор
- 09-559/1 со дата 17.06.2022 година, на организацискиот директор

На контролата и е дадена на увид Одлука од Управен одбор со која се одобрува отсуство од работа на медицинскиот директор заради учество на годишен состанок SOHO 2022 Annual meeting во Хјустон, Тексас од 26.09.2022 до 02.10.2022 година и патен налог потпишан од претседателот на УО и заверен во ЈЗУ.

Во контролираните пресметки на плата за јануари и август на медицинскиот директор и за јануари на организацискиот директор констатирани се часови за боледување но во истите нема пресметување часови за дежурство, прекувремена работа, работа ноќе или во недела.

Не е констатирано пресметување и исплата на додаток за работа ноќе, работа во недела и приправност во контролираните пресметки.

Скопје, 01.11.2022 год.

Финансиски контролори

Горан Симоновски

Сатки Деари

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев